# I. Економски движења во Република Македонија

## Основни индикатори за економските движења

| | | Износ | Тековен месец / претходен месец | Тековен месец / ист месец од претходна година | Период / ист период од претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| | месец | | | во % | |
| **Трошоци на животот** | III.2003 | - | 0,0 | -0,3 | 0,0 |
| **Цени на мало** | III.2003 | - | 0,0 | 1,7 | 2,0 |
| **Цени на производители на индустриски производи** | III.2003 | - | -0,1 | 1,1 | 1,5 |
| **Индустриско производство** | III.2003 | - | 44,9 | 15,8 | 3,5 |
| | | во милиони денари | | | |
| **Вкупен промет во трговија** | II.2003 | 10.337 | 9,6 | 20,1 | 15,9 |
| **Извршени градежни работи** | II.2003 | 341 | -12,1 | -23,6 | -6,1 |
| | | во денари | | | |
| **Номинална просечна нето плата** | II.2003 | 11.407 | -3,0 | 7,0 | 6,8 |
| **Реална просечна нето плата** | II.2003 | - | -2,8 | 7,0 | 6,7 |
| | | во милиони денари | | | |
| **Буџетски приходи** | III.2003 | 5.705 | 41,2 | -29,8 | -22,5 |
| **Буџетски расходи** | III.2003 | 4.799 | 20,3 | -19,8 | -16,4 |

## 1.1. Цени

***Во март 2003 година стапката на ифлација се задржа непроменета***

Трошоците на животот, како мерка за стапката на инфлација, во март 2003 година се задржаа на нивото од претходниот месец, како резултат на релативно стабилното ниво на трошоците кај сите категории на производи. Регистрираната ценовна стабилност во Република Македонија во март 2003 година одразува континуитет во остварувањето на основната цел на монетарната политика. На годишна основа (март 2003 / март 2002 година), регистрирана е стапка на дефлација од 0,3%, која се должи на пониските трошоци за стоки (за 1,2%), со оглед на порастот на трошоците за услуги (за 4,4%). Во просек, во првиот квартал од 2003 година, нивото на трошоците на животот беше непроменето во однос на истиот период од 2002 година. Имено, падот на трошоците за стоки (за 0,8%) беше целосно неутрализиран со порастот на трошоците за услуги (за 4,4%).

Графикон 1
Трошоци на животот
(во %)




***Цените на мало во март 2003 година беа стабилни***

И кај цените на мало, во март 2003 година не беше забележана месечна промена, при непроменето ниво на цени кај сите категории на производи. Истовремено, во март 2003 година продолжи трендот на намалување на меѓугодишната стапка на пораст на цените на мало, која во овој месец се сведе на 1,7%, додека просечната стапка на пораст на цените на мало во првиот квартал од 2003 година се задржа на нивото од претходниот месец (2,0%).

Графикон 2
Цени на мало
(во %)



*Цените на производителите на индустриските производи во март 2003 година беа речиси непроменети однос на претходниот месец...*

Цените на производителите на индустриски производи во март 2003 година беа речиси непроменети во однос на претходниот месец (намалување за 0,1%). Минималниот месечен пад се должи на намалените цени на производителите на нетрајни производи за широка потрошувачка (за 0,3%). Анализирано по сектори, пад на производствените цени е регистриран кај преработувачката индустрија (0,1%), додека во останатите два сектора цените беа непроменети. Притоа, во 19 од вкупно 22 индустриски гранки, цените на производителите на индустриски производи се задржаа на нивото од претходниот месец.

Графикон 3
Цени на производителите на индустриски производи
(во %)




*...додека во просек тие беа повисоки за 1,5%*

Во март 2003 година продолжи намалувањето на меѓугодишната и просечната стапка на пораст на цените на производителите на индустриски производи, кои се сведоа на 1,1% и 1,5%, соодветно. Притоа, доминантно влијание врз овие стапки, како и во претходните месеци така и во март 2003 година, имаат цените на производителите на нафтени деривати (кои на годишна и кумулативна основа се зголемени за 21,7% и 25,7%, соодветно).